# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ООУ "КОЧО РАЦИН"

1948 - НОВ ДОЈРАН

2020-21

# ООУ„Кочо Рацин“-Нов Дојран

Ул.„Моша Пијаде“бр.14 Нов Дојран

Тел:034/227-237 mail: kracin_dojran@yahoo.com

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА**

**ООУ„КОЧО РАЦИН“ –НОВ ДОЈРАН ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**



***СОДРЖИНА:***

*1 .Вовед*----------------------------------------------------------------------------------------------------*4*

*2. Услови за работа*----------------------------------------------------------------------------------------*5*

*3. Подготвеноста на училиштето за работа во почетокот на учебната година*-----------*5*

*4. Планирање, реализација и унапредување на воспитно образовната дејност*---------------*6*

*5. Успех на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2020/21 година*-------*18*

*6. Соработка со родителите*--------------------------------------------------------------------------*26*

**ВОВЕД**

Врз основа на член 122 алинеја 2 став 8 од Законот за основно образование (Службен весник на Р.Македонија бр.161 од 5 август 2019 година) како и член 12 алинеја 4 од Статутот на училиштето со цел да се даде информација за одделните подрачја од дејноста,како и за постигнатите резултати,успеси и поведенија на учениците по предлог на Директорот на училиштето на ден год Наставничкиот Совет го разгледа годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2020/21 година.

Појдовна основа за изготвување на Годишниот извештај се:

-Годишна програма за работа на училиштето

-Годишна програма за работа на раководниот и стручниот кадар, тела и органи за тековната учебна година

-Документацијата за нивната реализација

-Статистички прегледи и извештаи за бројот и опфатеноста на учениците и паралелките

-Условите за работа и успехот и поведениeто на учениците

-Реализацијата на плановите и програмите за наставата и воннаставните активности и другата стручна и педагошка дејност.

## 2.Услови за работа во училиштето

Општинското основно училиште „Кочо Рацин" е лоцирано на улица„Моша Пијаде" бр.14 во Нов Дојран и опфаќа ученици од Нов Дојран, и населените околни места како Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели.

Во сите подрачни училишта (Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели) и во централното училиште одделенската настава се изведува во комбинирани паралелки со исклучок на прво, второ и трето одделение во централното училиште и прво одделение во ПУ Николиќ и ПУ Фурка каде наставата се изведува во чиста паралелка.

Ова учебна година започна од 01.10.2020 година и поради пандемијата од КОВИД 19 наставата се изведува он-лајн од VI до IX одделение ,а пак за учениците од прво до петто одделение се изведува наставата со физичко присуство, почитувајки ги протоколите за реализација на воспитно-образовната работа во услови на Пандемија.

## 3.Подготвеноста на училиштето за работа во почетокот на учебната година

Училишните згради ги задоволуваат основните потреби за одвивање на настава со физичко присуство според Протоколите за реализација на воспитно-образовниот процес и изведување на настава ( со почитување на физичка дистанца меѓу учениците од 2 метри како и почитување на другите мерки од протоколот: мерење температура, миење и дезинфекција на раце) .

Од материјално-технички аспект училиштето во Нов Дојран и сите ПУ навремено беа подготвени за почетокот на учебната година.

На 08.10.2020 год, министерката Мила Царовска го посети ООУ„Кочо Рацин"- Нов Дојран како и новоизграденото училиште во с.Ѓопчели кое што беше свечено пуштено во работа. Во истото училиште настава следат 20 ученика распоредени во две паралелки на турски наставен јазик.



**4.Планирање, реализација и унапредување на Воспитно-образовната дејност**

Нашето училиште и покрај добиената позитивна оцена од ДПИ за редовна настава со физичко присуство, од комисијата и владата беше донесена одлука да се изведува настава со физичко присуство од I-V одделение, додека за учениците од VI-IX одделение се организира он-лине настава преку националната платформа.

Според Календарот за работа за учебната 2020/21 година која започна на први октомври а завршува на 31 август 2021 година, а пак наставната година започна на 1 октомври 2020 год. и завршува на 10 јуни 2021 година со навремено планирање од страна на сите наставници во сите подрачја. Солидно планирање и програмирање на наставниците по дадените препораки од БРОМ за работата по скратени наставни програми .

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2020/21 година по предлог на Ушилишниот одбор беше донесена и доставена до советот на Општина Дојран и истата беше навремено усвоена.

Според Календарот за работа во учебната 2020/21 година, планирани се 159 наставни работни денови, а во првото полугодие се реализирани 62 наставни работни денови а во второто полугодие 97 наставни и работни денови.

На почетокот на учебната година беа изработени (скратени) годишни глобални и тематски планирања според кои наставниците работат во текот на учебната година, со сите нивни компоненти кои треба да ги содржат.

Наставниците изработуваат дневни подготовки, кои ги содржат следниве компоненти: наставна тема, наставна единица, тип на часот, цели на часот, форми, методи, средства, план за текот и завршен дел на часот.

Во оваа учебна година Министерството за образование и наука продолжи со реализација на проектот Бесплатни учебници за сите ученици.

Директорот и стручната служба во текот на оваа учебна година вршеа увид во успешното реализирање на предвидените планови и програми за работа,применување на современи форми и методи на работа, односот на вработените кон учениците и родителите, навремено извршување на сите обврски на воспитно-образовниот кадар предвиден со Законот, како и следење на почитувањето на дадените препораки од МОН и Протоколите за изведување на настава со физичко присуство: (носење заштитни маски,мерење температура, редовно миење и дезинфекција на раце, одржување на хигена, како и држење на предвидената физичка дистанца) .

Наставата како најорганизирано и планско образование се организираше и реализираше според скратени наставните планови и програми изработени од БРОМ за задолжителни и изборни предмети што се изучуваат по одделение.

Во учебната 2020/21 година запишани се вкупно 266 ученика и тоа 153 во одделенска настава од кои тројца ученици се со попреченост, а 113 ученика во предметна настава од кои еден ученик во шесто одделение со попреченост. На крајот од учебната година тројца ученици од одделенска настава го прекинаа школувањето во нашето училиште и двајца од предметна настава поради преселување во странство.

Со започнување на процесот на иновирање на основното образование, постигањата на учениците во воспитно образовниот процес, од прво, второ, и трето, четврто, петто и шесто одделение континуирано се следеа, проверуваа, опишуваа и описно беа оценети во првото полугодие, а учениците од седмо, осмо и деветто одделение беа оценети бројчано.

Како изборни предмети учениците оваа учебна година ги изучуваа следните предмети:

- Во шесто одделение го изучуваат предметот Класична култура на европската цивилизација
- Во седмо одделение го изучуваат предметот Вештини на живеење
- Во осмо одделение го изучуваат предметот Танци и народни ора
- Во деветто одделение го изучуваат предметот Истражување на родниот крај

На 01.10. 2020 год  беше прв среќен училишен ден , им посакавме радост и добредојде на нашите вредни првачиња како и  среќа и успеси  на другите ученици кои ќе следат настава со физичко присуство во централното и по ПУ по населените места.А пак на учениците од предметна настава им порачавме да ги почитуваат Кодексите за следење на он-лајн настава .

На ден 07.10.2020 година во нашето училиште со низа активности беше одбележана Детската недела и тоа:цртање со креди во боја и разубавување на училишните дворови како и прием на првачињата во Детската организација, која оваа година беше водена под мотото „ Почитуваме за наше здравје, за наш успех!"









Исто така од страна на стручна служба заедно со учениците од второ одделение беше спроведена работилница на тема „Ајде да другаруваме држејќи физичка дистанца“, како и ликовно изразување и творење на тема „Се заштитувам за моето здравје“.

На ден 20.11.2020 година во нашето и подрачните училишта со низа активности беше одбележан Светскиот ден на детето. Во прилог се реализираните активности:









На **3 декември** беше одбележан Меѓународниот ден  на лицата со попреченост. Учениците од II оделение ликовно твореа на тема :Сите сме исти и порачаа секојдневно да придонесуваме за детската насмевка и да ги третираме сите подеднакво.



„***Двојни стандарди***” поетската творба на **Кристијан Калов** (VIII а одд.) и „***Песна за неа***”, поетската творба на **Горѓи Калов** (IX одд.) под менторство на наставникот Марија Ангова Цветковска добија меѓународни признанија и награди на 14тиот конкурс на меѓународниот детски фестивал за поезија „Детско царство” во Бања Лука.

Темата на конкурсот беше слободна, а на истот можеа да се пријавуваат ученици од основни училишта од Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија и секако нашата Северна Република Македонија.

Поетските творби од литературниот конкурс ќе бидат објавени во Зборник. Истиот штом го добиеме во училиштето ќе биде достапен за читање на сите заинтересирани ученици и родители.

На менторот и на учениците им посакуваме многу книжевни успеси во иднина.

По укажување од МОН стручната служба одржа превентивни он-лајн предавања на учениците од VI-IX одд. со цел зачувување на менталното здравје и превенција од нарушување како и за зајакнување на самодовербата и самопочитта кај учениците а посебно во новоформираните паралелки (VI одд.)

По повод Новогодишните празници на 29 декември нашето училиште организираше он-лајн МИО активност за меѓусебно запознавање, дружење, творење и соработка со збратименото училиште „Ристо Шуклев “ од с.Негорци. Новогодишните празници се причина за радост, без разлика на националната припадност, начинот на славење и честитање се одвива на сличен начин. Група ученици од V одд. од ПУ Стар Дојран и Ѓопчали кои следат настава на турски јазик и ученици од ОУ„Ристо Шуклев“ , реализираа МИО активност, заедничка онлајн средба директно вклучени на Microsoft Teams. Изработуваа честитки , си честитаа празници на двата јазика ,презентираа како се слават празниците , обичаите за време на новогодишните празници, учеа едни за други , притоа будно следени од нивните наставници Елизабета ,Танжу и Мара.



На 16 март 2021 година, по покана на Одделението за едукација и комуникација при Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија , учениците од осмо и деветто одделение при ООУ„Кочо Рацин“ – Нов Дојран, преку предметот Граѓанско образование и раководство на наставникот Дејан Вичентијевиќ , оствариjа виртуелна обиколка на Собранието на РСМ преку апликацијата ZOOM.

По повод 21ви март-Денот на пролетта, учениците од шесто и седмо одд. на слободните ученички активности по природни науки и биологија, изработуваа цветови од различни материјали и со различни техники.

Под маски со игри и пеење, го дочекавме 1 Април - Денот на шегата и смеата.

Учениците од Нов Дојран Првоаприлското дефиле го изведоа во дворот на училиштето.

ООУ Кочо Рацин -ПУ Ѓопчели со партнер училиштето ООУ Гоце Делче“ - Свети Николе реализира дел од МИО активности. Поради ситуацијата со вирусот Ковид учениците заедно со наставниците се директно вклучени на Тимс од училницата во своето матично училиште а родителите се вклучени од дома .

Активноста се реализираше интерактивно и тоа на два јазика, презентација, и заедничко успешно изработување на маските и нивно презентирање.





По повод 22 април Ден на планетата Земја, нашите ученици. ја искористија својата креаативност и направија изработки под мотото “Да си ја вратиме нашата Планета”, под менторство на нивните наставници.






На 14.05.2021 и 17.05.2021, нашето училиште заедно со партнер училиштето реализираше активност „Запознавање со празниците“ Рамазан Бајрам и Велигден преку платформата On line Teams .

Запознавање со празниците преку презентации, изработка на брошура, боенка и на крај доделени благодарници за учениците.



На 3 јуни беше одбележан Патрониот празник на училиштето со положување цвеќе на бистата на Кочо Рацин во училиштето од страна на учениците кои доаѓаа на училиште со физичко присуство, и беа објавени активности на учениците кои беа забележани на видео клипови и беа прикачени на официалната фејсбук страна на училиштето.

На ден 21-22 мај, 23-24 јуни наставниците од прво и четврто одделение присуствуваа на обука во Гевгелија организирана од Биро за развој на образованието за новите наставни програми согласно Концепцијата за основно образование.

Училиштето учествуваше на следниве натпревари:

-Општински натпревар по Природни науки спроведени онлајн одржан на 16.04.2021 година учество земаа ученици од Стар Дојран под менторство на наставникот Мара Пејкова.Ученикот Теодориј Манев се стекна со пофалница а ученичката Јована Максимова како првопласирана доби право за учество на Регионален натпревар кој се спроведе онлајн одржан на 14.05.2021 година каде ја освои Првата награда каде и беше доделена диплома од Македнското биолошко друштво.

**5. Успех на учениците на крајот на учебната 2020/21 година**

Средниот успех на ниво на училиште на крајот на учебната 2020/21 година изнесува **3.89**

Реализација на редовна настава по наставни предмети

| Планирани и реализирани часови по наставни предмети од I до V одделение | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 5364 | 5364 | 100% |
| Македонски ј. За нац. | 128 | 128 | 100% |
| Англиски јазик | 2496 | 2496 | 100% |
| Математика | 4770 | 4770 | 100% |
| Природни науки | 1920 | 1920 | 100% |
| Општество | 1344 | 1344 | 100% |
| Ликовно образование | 1920 | 1920 | 100% |
| Музичко образование | 1920 | 1920 | 100% |
| ФЗО | 2880 | 2880 | 100% |
| Техничко образование | 576 | 576 | 100% |
| Работа со компјутер | 1152 | 1152 | 100% |
| Вкупно | 24470 | 24470 | 100% |

| Планирани и реализирани часови по наставни предмети од VI до IX | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 896 | 896 | 100% |
| Француски јазик | 448 | 448 | 100% |
| Англиски јазик | 672 | 672 | 100% |
| Историја | 448 | 448 | 100% |
| Математика | 958 | 958 | 100% |
| Географија | 448 | 448 | 100% |
| Граѓанско образование | 96 | 96 | 100% |
| Физика | 192 | 192 | 100% |
| Биологија | 320 | 320 | 100% |
| Хемија | 192 | 192 | 100% |
| Ликовно образование | 224 | 224 | 100% |
| Музичко образование | 224 | 224 | 100% |
| ФЗО | 672 | 672 | 100% |
| Техничко образование | 64 | 64 | 100% |
| Природни науки | 64 | 64 | 100% |
| Информатика | 162 | 162 | 100% |
| Етика | 64 | 64 | 100% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Класична култура во европск.цивилизации | 128 | 128 | 100% |
| Истражување на родниот крај | 64 | 64 | 100% |
| Иновации | 32 | 32 | 100% |
| Вештини на живеење | 128 | 128 | 100% |
| Танци и народни ора | 128 | 128 | 100% |
| **Вкупно** | **6624** | **6624** | **100%** |

| предмети | ученици | Среден успех по предмети на учениците од 6 до 9 одд. | | | | | | | | | | ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | недоволни | | |
| | | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | |
| Македонски јазик | 112 | 42 | 38% | 30 | 27% | 17 | 15% | 23 | 21% | 0 | 0% | 3,81 |
| Англиски јазик | 112 | 55 | 49% | 19 | 17% | 16 | 14% | 22 | 20% | 0 | 0% | 3,96 |
| Француски јазик | 112 | 33 | 29% | 15 | 13% | 27 | 24% | 37 | 33% | 0 | 0% | 3,39 |
| Математика | 112 | 35 | 31% | 16 | 14% | 17 | 15% | 44 | 39% | 0 | 0% | 3,38 |
| Историја | 112 | 33 | 29% | 12 | 11% | 35 | 31% | 32 | 29% | 0 | 0% | 3,41 |
| Географија | 112 | 59 | 53% | 19 | 17% | 19 | 17% | 15 | 13% | 0 | 0% | 4,09 |
| Граѓанско образование | 52 | 23 | 44% | 7 | 13% | 10 | 19% | 12 | 23% | 0 | 0% | 3,79 |
| Биологија | 81 | 23 | 28% | 12 | 15% | 16 | 20% | 30 | 37% | 0 | 0% | 3,35 |
| Физика | 52 | 11 | 21% | 6 | 12% | 8 | 15% | 27 | 52% | 0 | 0% | 3,02 |
| Хемија | 52 | 12 | 23% | 7 | 13% | 13 | 25% | 20 | 38% | 0 | 0% | 3,21 |
| Ликовно образование | 112 | 58 | 52% | 29 | 26% | 15 | 13% | 10 | 9% | 0 | 0% | 4,21 |
| Музичко образование | 112 | 57 | 51% | 19 | 17% | 14 | 13% | 22 | 20% | 0 | 0% | 3,99 |
| ФЗО | 112 | 55 | 49% | 26 | 23% | 20 | 18% | 11 | 10% | 0 | 0% | 4,12 |
| техничко | 31 | 27 | 87% | 2 | 6% | 0 | 0% | 2 | 6% | 0 | 0% | 4,74 |
| Етика | 29 | 15 | 52% | 2 | 7% | 6 | 21% | 6 | 21% | 0 | 0% | 3,90 |
| Информатика | 60 | 20 | 33% | 8 | 13% | 10 | 17% | 22 | 37% | 0 | 0% | 3,43 |
| Вештини на живеење | 29 | 14 | 48% | 6 | 21% | 5 | 17% | 4 | 14% | 0 | 0% | 4,03 |
| Танци и народни ора | 31 | 16 | 52% | 7 | 23% | 5 | 16% | 3 | 10% | 0 | 0% | 4,16 |
| Истражување на родниот крај | 21 | 12 | 57% | 2 | 10% | 0 | 0% | 7 | 33% | 0 | 0% | 3,90 |
| класична култура | 31 | 14 | 45% | 2 | 6% | 13 | 42% | 2 | 6% | 0 | 0% | 3,90 |
| Иновации | 21 | 12 | 57% | 2 | 10% | 0 | 0% | 7 | 33% | 0 | 0% | 3,90 |
| природни науки | 31 | 8 | 26% | 7 | 23% | 11 | 35% | 5 | 16% | 0 | 0% | 3,58 |
| **вкупно** | 1529 | 634 | 41% | 255 | 17% | 277 | 18% | 363 | 24% | 0 | 0% | 3,76 |

| предмети | ученици | успех на учениците од 4 и 5 одд. македонски јазик | | | | | | | | | | ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | недоволни | | |
| | | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | |
| Македонски јазик | 42 | 26 | 62% | 8 | 19% | 4 | 10% | 4 | 10% | 0 | 0% | 4,33 |
| Англиски јазик | 42 | 24 | 57% | 8 | 19% | 6 | 14% | 4 | 10% | 0 | 0% | 4,24 |
| Математика | 42 | 22 | 52% | 10 | 24% | 6 | 14% | 4 | 10% | 0 | 0% | 4,19 |
| Ликовно образование | 42 | 31 | 74% | 7 | 17% | 2 | 5% | 2 | 5% | 0 | 0% | 4,60 |
| Музичко образование | 42 | 33 | 79% | 4 | 10% | 3 | 7% | 2 | 5% | 0 | 0% | 4,62 |
| ФЗО | 42 | 37 | 88% | 3 | 7% | 1 | 2% | 1 | 2% | 0 | 0% | 4,81 |
| Технички образование | 42 | 29 | 69% | 7 | 17% | 3 | 7% | 3 | 7% | 0 | 0% | 4,48 |
| Општество | 42 | 25 | 60% | 10 | 24% | 3 | 7% | 4 | 10% | 0 | 0% | 4,33 |
| Работа со компјутер | 42 | 30 | 71% | 6 | 14% | 2 | 5% | 4 | 10% | 0 | 0% | 4,48 |
| Природни наики | 42 | 29 | 69% | 4 | 10% | 7 | 17% | 2 | 5% | 0 | 0% | 4,43 |
| **вкупно** | 420 | 286 | 68% | 67 | 16% | 37 | 9% | 30 | 7% | 0 | 0% | 4,45 |

| предмети | ученици | успех на учениците од 4 и 5 одд. на турски јазик | | | | | | | | | | ср успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | недоволни | | |
| | | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | |
| Македонски јазик за националности | 8 | 4 | 50% | 2 | 25% | 2 | 25% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,25 |
| Англиски јазик | 8 | 3 | 38% | 1 | 13% | 4 | 50% | 0 | 0% | 0 | 0% | 3,88 |
| Математика | 8 | 3 | 38% | 0 | 0% | 2 | 25% | 3 | 38% | 0 | 0% | 3,38 |
| Ликовно образование | 8 | 7 | 88% | 1 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,88 |
| Музичко образование | 8 | 6 | 75% | 2 | 25% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,75 |
| ФЗО | 8 | 7 | 88% | 1 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,88 |
| Технички образование | 8 | 4 | 50% | 4 | 50% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,50 |
| Општество | 8 | 3 | 38% | 0 | 0% | 4 | 50% | 1 | 13% | 0 | 0% | 3,63 |
| Работа со компјутер | 8 | 4 | 50% | 3 | 38% | 1 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,38 |
| Природни наики | 8 | 3 | 38% | 0 | 0% | 4 | 50% | 1 | 13% | 0 | 0% | 3,63 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Турски јазик | 8 | 3 | 38 % | 3 | 38 % | 2 | 25 % | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,13 |
| **вкупно** | 88 | 47 | 53 % | 17 | 19 % | 19 | 22 % | 5 | 6% | 0 | 0% | 4,20 |

## Дополнителна настава

| Одделение | Реализирани часови | Одделение | Реализирани часови |
|---|---|---|---|
| II | 228 | VI | 71 |
| III | 199 | VII | 85 |
| IV | 197 | VIII | 92 |
| V | 199 | IX | 42 |
| Вкупно | 823 | Вкупно | 290 |

## Додатна настава

| Одделение | Реализирани часови | Одделение | Реализирани часови |
|---|---|---|---|
| II | 156 | VI | 67 |
| III | 185 | VII | 57 |
| IV | 187 | VIII | 52 |
| V | 185 | IX | 24 |
| Вкупно | 713 | Вкупно | 200 |

| **Споредбени показатели за успехот на учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | |
| IV-IX | 4,19 | 4,06 | 3,89 | |

## Среден успех по паралелки

| Споредбени показатели за поведението на учениците |
|---|

| Одделение | Ср.успех |
|---|---|
| **VIa** | 4,02 |
| **VIб** | 3,93 |
| **VIIa** | 3,74 |
| **VIIб** | 3,78 |
| **VIIIa** | 3,71 |
| **VIIIб** | 3,78 |
| **IX** | 3,49 |
| Вкупно | 3,76 |
| | |

| **Споредбени показатели на изостаноци** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | |
| Оправдани | 5885 | 3317 | 2822 | |
| Неоправдани | 347 | 55 | 30 | |
| Вкупно | 6232 | 3372 | 2852 | |

| Одделение | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | |
|---|---|---|---|---|
| Примерно | 263 | 264 | 260 | |
| Добро | 2 | 2 | / | |
| Незадоволително | / | / | / | |
| Вкупно | 265 | 266 | 260 | |

Во склопот на реализацијата на Годишната програма се реализирани и планираните активности и содржини од програмата на Директорот на училиштето и Стручната служба, според планирањата предвидени со програмата за работа.

**6. Соработка со родителите**

Една од формите на вклучување на родителите во работата на училиштето беа родителските средби.Во соработка со родителите особено внимание се посвети на он-лајн разговори со нив, родителите во секое време да соработуваат, со сите наставници, стручната служба и директорот и да даваат свое мислење и учествуваат во работата.Родителските средби се одвиваа преку:

-Индивидуални контакти-он-лајн средби

-Родителски средби на ниво на паралелки он-лајн родителски средби

-Он-лајн советодавни средби со стручната служба за учениците кои не се вклучуваат во он-лајн наставата како и за учениците кои покажале многу слаб успех.

-Изработен е Информатор за работата на ООУ„Кочо Рацин“ Нов Дојран за учебната 2020/21 година и истиот е поделен на родителите .

КОНСТАТАЦИЈА:Наставниот кадар во рамки на училиштето е целосно подготвен од технолошки аспект, како и од аспект на поседување дигитални вештини и компетенции за реализација на квалитетна електронска настава. Мал е бројот на ученици кои не биле во

можност да следат он лајн настава бидејќи не сите имат технички уреди и интернет. Ефектот со далечинско учење е послаб, тешко се постигнува самостојно совладување на содржините бидејќи сите родители ги немат потребните компетенции ниту предзнаења за да им помогнат на децата во совладување на содржините. Од друга страна пак се констатира дека он лајн наставата е поинтересна особено за оние ученици кои биле пасивни во редовната настава и дека со поголем вложен труд од сите инволвирани страни ефективно се реализира наставата. Да се вложат напори за редовно вклучување на сите ученици кои следат он-лајн настава да бидат редовни во истата .

Разгледан и утврден од страна на Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 02.07.2021 година.

Усвоен од страна на Училишниот одбор на седницата одржана на ден 04.08.2021 година.

**Претседател на Училишен Одбор**

______________________________

/ Снежана Кортова /

Полугодишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2020/21 година го изработиле стручната служба и директорот на училиштето

**Стручна служба:**

Жаклина Кречева

Сања Точева

**Директор:**

Мирослав Бошнаков